# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - ЏЕЗ ГИТАРА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-47/6 од 24.2.2016 година, донесена на третата седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 24.2.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *видови на инструменти - џез гитара* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- проф. м-р Антонијо Китановски, вондреден професор од наставно-научните области видови на инструменти: џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
- проф. м-р Георги Мицанов, вонреден професор од наставно-научната област видови на инструменти: саксофон, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
- проф. д-р Гоце Гавриловски, вонреден професор од наставно-научните области: музички форми со анализа и хармонија и полифонија со анализа, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија” на 9.2.2016 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Сашо Поповски, доцент на Музичката академија на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

**М-р Сашо Поповски** е роден во 1977 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Битола. Дипломира во 2005 година на Националната Музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија (Р.Бугарија), при што се стекнува со степен бакалавр по поп и џез гитара, инструменталист – гитарист. Магистрира во 2008 година на Нов бугарски универзитет во Софија (Р.Бугарија), на Одделот за музичко мајсторство – музичко искуство и се стекнува со степен магистер по поп и џез гитара, исполнителство и педагогија. Во 2007 година ја завршува мајсторската класа за џез импровизација кај проф. д-р Милчо Левиев на Нов бугарски универзитет во Софија (Р.Бугарија).

Кандидатот м-р Сашо Поповски своето професионално искуство почнал да го оформува во 1995 година, преку формирање на џез-рок состави, и во 1996 година ја освојува првата награда од жири на Поп рок фест – Скопје. Во 2006 година работи како професор на Меѓународен славјански институт – Битола, во 2007 година работи како професор во СОУ „Крсте Петков Мисирков“ во Демир Хисар. Од 2008 година кандидатот е вработен на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на Факултет за музичка уметност - Оддел за џез студии, како стручен соработник. Во 2011 година е избран во доцент на Факултетот за музичка уметност.

**Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:**

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот беа следниве:

– Пријава: има;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд: има;
– Уверение за положени испити: има;
– Кратка биографија: има;
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици: има;
– Список на објавени научни и стручни трудови: има;
– Уверение за државјанство: има.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

– Кандидатот м-р Сашо Поповски е избран во звање доцент за Наставно-научна уметничка област *џез гитара* на Музичката академија - 15 јуни 2011 година.
– Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите од втор циклус (постдипломски студии ги завршува со просек 9,61).
– Кандидатот м-р Сашо Поповски треба да има остварено минимум шест целовечерни концерти.
– Кандидатот м-р Сашо Поповски има објавено рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област и која е објавена во е-библиотеката со наслов „Вовед во џез теорија 1“ и „Вовед во џез теорија 2“.

**Концертна активност:**

| **Бр.** | **Вид на концерт** | **Место на изведба на концертот** | **Датум на изведба на концертот** | **Репозиториум** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Целовечерени концерти | Интернационален ден на џезот 2015 | Април 2015 г. | Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Josifovski, Oliver and Stefkovski, Goce (2015) *Интернационален ден на џезот 2015.*[Performance] (Unpublished) |
| 2 | Целовечерени концерти | Бит fест 2015 | Август 2015 г. | Popovski, Saso and Kuzmanov, Kiril and Bejkov, Ivan and Stefkovski, Goce (2015) *Бит Фест 2015.* [Performance] (Unpublished) |
| 3 | Целовечерени концерти | Писмо за Кристи 2015 | Јуни 2015 г. | Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Jovev, Slavco (2015) *Писмо за Кристи 2015.* [Performance] (Unpublished) |
| 4 | Целовечерен концерт | Бит fест 2015 | Јуни 2015 г. | Popovski, Saso and Hristovska, Irena and Mitrevski, Daniel (2015) *Бит Фест 2015.* [Performance] (Unpublished) |
| 5 | Целовечерен концерт | Топол културен бран Виница 2015 | Август 2015 г. | Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Bejkov, Ivan and Stefkovski, Goce (2015) *Топол Културен Бран - Виница 2015.* [Performance] (Unpublished) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Целовечерен концерт | Струмица опен фестивал | Август 2015 г. | Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Stefkovski, Goce and Josifovski, Oliver (2015) *Струмица Опен Фестивал 2015.*[Performance] (Unpublished) |
| 7 | Целовечерен концерт | Велес град на културата 2015 | Јули 2015 г. | Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Josifovski, Oliver and Stefkovski, Goce (2015) *Велес Град на Културата 2015.* [Performance] (Unpublished) |
| 8 | Целовечерен концерт | Фестивал на музика од светот 2014 | Ноември 2014 г. | Popovski, Saso (2014) *Фестивал на музика од светот.* [Performance] (Unpublished) |
| 9 | Целовечерен концерт | Порта џез фестивал 2014 | Март 2014 г. | Popovski, Saso and Sekulovski, Aleksandar (2014) *Порта Џез Фестивал 2014.* [Performance] (Unpublished) |
| 10 | Целовечерен концерт | Кикинда џез и блуз фестивал 2011 | Ноември 2011 г. | Popovski, Saso and Micanov, Goce and Sekulovski, Aleksandar (2011) *Balkan Jazz Collective featuring Goce Micanov - Edno Mome / Kikinda Jazz & Blues Festival 2011.* [Performance] (Unpublished) |
| 11 | Целовечерен концерт | Бит фест 2014 | Јули 2014 г. | Popovski, Saso and Sekulovski, Aleksandar (2014) *Бит Фест 2014.* [Performance] (Unpublished) |
| 12 | Целовечерен концерт | Меѓународен ден на џезот 2014 | Април 2014 г. | Popovski, Saso (2014) *Меѓународен ден на џезот 2014.* [Performance] (Unpublished) |
| 13 | Целовечерен концерт | Концерт Фестивал Браќа Манаки 2013 | Септември 2013 г. | Popovski, Saso and Sekulovski, Aleksandar (2013) *Џез концерт отворање на фестивалот на филмска камера " Браќа Манаки" – Битола.* [Performance] (Unpublished) |
| 14 | Целовечерен концерт | Бит фест 2013 | Август 2013 г. | Popovski, Saso and Sekulovski, Aleksandar and Blagoev, Vencislav and Josifovski, Oliver (2013) *Концерт на современ џез, БИТ ФЕСТ Битола.* [Performance] (Unpublished) |
| 15 | Целовечерен концерт | Концерт Дом на култура Виница 2013 | Ноември 2013 г. | Popovski, Saso and Sekulovski, Aleksandar and Micanov, Goce (2013) *Концерт на современ џез,Дом на култура „Тошо Арсов" – Виница.* [Performance] (Unpublished) |

***Објавени трудови:***

- **Сашо Поповски** (2015) ЦД албум Gathering (Собир) 2015 Popovski, Saso and Blagoev, Ventzislav and Josifovski, Oliver and Sekulovski, Aleksandar (2015) *Gathering (Собир).* [Audio]
- **Сашо Поповски** (2015) Селектор на артисти за интернационален Џез и Блуз Фестивал Кикинда – Р.Србија Popovski, Saso (2015) *Селектор на артисти за интернационален џез и блуз фестивал Кикинда - Р.Србија 2015.* FanTon music.
- **Сашо Поповски** (2015) Концерт и работилница 2015 Popovski, Saso (2015) *Концерт и работилница 2015.*
- **Сашо Поповски** Скрипта Вовед во џез теорија 1 Popovski, Saso (2014) *Вовед во џез теорија 1.* ISBN 978-608-4708-54-4.
- **Сашо Поповски** Скрипта Вовед во џез теорија 2 Popovski, Saso (2013) *Вовед во џез теорија 2.* ISBN 978-608-4708-55-1.

Кандидатот м-р Сашо Поповски е избран во наставно-научно звање насловен доцент на 15.6.2011 година на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, по предметот Џез гитара. За време на овој изборен период кандидатот има остварено наставно-образовна актива (НО) 30 поени, научноистражувачка и стручно-уметничка актива (НИ-СУ) 60 поени и стручно- апликативна и организациско-развојна актива (СА-ОР) 34 поени или вкупно 124 поени. Остварените поени се повеќе од потребниот минимум на поени кои се потребни за избор во звањето вонреден професор.

Во подолунаведената табела е прикажано вреднувањето на активноста на м-р Сашо Поповски во изборниот период јуни 2011 – јануари 2016 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатот м-р Сашо Поповски четири години работи како доцент на Музичката академија во Штип, каде што ги предава предметите Џез гитара, Вовед во џез историја и теорија, Џез ансамбл и Џез аранжирање. Од денот на неговиот избор во доцент до денес има објавено повеќе стручни и научни трудови, концерти и работилници и има дадено придонес во развојот на џез музиката на Музичката академија во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Сашо Поповски, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната област *видови на инструменти - џез гитара* на Музичката академија наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев".

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и да го избере кандидатот м-р Сашо Поповски во звање вонреден професор за наставно-научната област *видови на инструменти - џез гитара* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Антонијо Китановски, вондреден професор, претседател, с.р.**
**М-р Георги Мицанов, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Гоце Гавриловски, вонреден професор, член, с.р.**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Избран во звање доцент | / | 30 |
| | **ВКУПНО** | **30** | |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Музички настап на официјален концерт | 15 x 3 | |
| 12 | Раководител на научен проект | | 1 x 6 |
| 13 | Учесник во научен проект | | 1 x 3 |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | 1 x 2 |
| 23 | Рецензент на научен труд | 2 x 2 | |
| | **Вкупно** | **60** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Книга - ЦД | 1 x 10 | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 10 x 2 | |
| 30 | Класен раководител, согласно Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | 1 x 4 | |
| | **Вкупно** | **34** | |